Согласно чл.8 ст.4 од Законот за финансиска поддршка на единиците за локална самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски СЛ.Весник на РМ бр.209/2018,

Советот на општина Радовиш на 29 (дваесет и девета) седница одржана на ден 27.05.2019 донесе:

# О Д Л У К А

## За одобрување на Извештајот за вкупно договорениот износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

### Член 1

Се одобрува Извештајот за вкупно договорениот износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, изготвен од Градоначалник на Општина Радовиш, чиј вкупен износ изнесува 1.167.287,00денари, а поединечно по доверител:

1. ПМЕ Техника Касапинов Иле Кавадарци изос од 8.320,00 ден
2. 22 Октомври ДОО Радовиш износ од 17.560,00 ден.
3. ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица износ од 1.141.407,00 денари.

### Член 2

Средствата ќе бидат исплатени по одобрување на извештајот со Одлука на Советот на општина Радовиш.

### Член 3

Донесената Одлуката на Советот на општина Радовиш заедно со Извештајот за вкупно договорениот износ по доверители се објавуваат на веб страницата на Општина Радовиш.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовипш„.

Бр. 08-845/1
дата 27 Мај 2019 год.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНА"
ОПШТИНА РАДОВИШ